Врз основа на чл. 48 од Правилникот за организација на работењето внатрешните односи на Технички факултет - Битола, Деканатската управа при Технички факултет - Битола, на предлог од Координативното тело на ЕКТС, на ден 01.09.2009 год. донесе

**О Д Л У К А**

**за начин на упис во зимски семестар во**
**уч. 2009/2010 год. за студенти според ЕКТС**

1. Студентот запишан според ЕКТС, во учебната 2009/2010 г. се запишува во зимски семестар под следните услови:

Студентот запишува кредити и тоа:

- доколку има останато неположени предмети од претходни години за непарен семестар, ги запишува неположените предмети со број на кредити
- покрај заостанатите предмети, студентот запишува и нови предмети (кредити) од непарен повисокиот (те) семестар (ри)
- студентот запишува најмалку 18, а најмногу 42 кредити, вклучувајќи ги и кредитите од заостанатите предмети.
-

**При уписот, за заостанатите предмети (кредити) студентот плаќа 80% од партиципацијата, односно од кофинансирањето.**

- диференцијалните предмети не се запишуваат како заостанати предмети (кредити). Истите се полагаат без прослушување само со уплата од 200,00 денари по испит.

При уписот секој студент пополнува посебен пријавен лист за упис и пријавни листови за избор на предмети, кои за секој отсек ќе се добиваат од скриптарата.

При пополнување на пријавниот лист студентот задолжително го приложува на увид и Договорот за студирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.02-_______
01.09.2009
Б и т о л а

Деканатска управа
Декан
Ред. проф. д-р Весна Микаровска

Врз основа на чл. 47 од Правилникот за организација на работењето и внатрешните односи на Технички факултет - Битола, Деканатската управа при Технички факултет - Битола, на предлог од Координативното тело на ЕКТС, на ден 01.09.2009 год. донесе

# О Д Л У К А

## за услови за упис на зимски семестар во уч. 2009/2010 год. за студенти според ЕКТС

1. Уписот на зимски семестар за студентите запишани според ЕКТС ќе се врши:

- При уписот, администраторот по ЕКТС проверува дали за предметот кој се запишува во зимски семестар се исполнети предуслови предвидени во елаборатот за студиската програма. Предуслов за запишување на предмет претставува прослушан предмет кој е предуслов.

Студентите кои веќе ги прослушале предвидените семестри ќе регистрираат статус на студент со презапишување на трета односно четврта година со запишување на преостанатите предмети.

- студентите кои регистрираат статус на студент, а им преостанал само самостојниот проект, го презапишуваат само самостојниот проект без надоместок;

- студентите кои предвремено ги завршуваат испитите, како и оние на кои им преостанале помалку од 42 кредити, можат да го запишат и самостојниот дипломски проект заедно со предметот кој е услов за самостојниот проект;

- Референтот по студентски прашања задолжително проверува дали пријавените предмети во пријавниот лист се идентични со предметите во индексот, задолжително повлекува линија после последниот пријавен предмет, проверува дали студентот е во државна квота или во квота со кофинансирање и става потпис и печат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.02-_______
01.09.2009
Б и т о л а

Деканатска управа
Декан

Ред. проф. д-р Весна Микаровска

Деканатската управа при Технички факултет - Битола, на предлог од Координативното тело на ЕКТС, на седницата одржана на 01.09.2009 год. донесе

# О Д Л У К А

## за стекнување услов во повисоки години за студенти запишани по ЕКТС

1. Студентите запишани по ЕКТС стекнуваат услов за упис во повисока година и тоа:

- за II година со освоени 36 кредити;

- за III година со освоени 96 кредити;

- за IV година со освоени 156 кредити заклучно со последната испитна сесија од од постојната студиска година.

Бр.02-______
01.09.2009
Битола

Деканатска управа
Декан

Ред. проф. д-р Весна Микаровска

Врз основа на член 48 од Правилникот за организација на работењето и внатрешните односи на Технички факултет - Битола, Деканатската управа на седницата одржана на 01.09.2009 год. донесе

# О Д Л У К А

## за висината на надоместоците за извршени услуги на студентите од страна на Техничкиот факултет - Битола во ак. 2009/2010 год.

1. За академската 2009/2010 год. се утврдува следната висина на надоместоците што треба да ги плаќаат студентите за извршени услуги од страна на Техничкиот факултет - Битола:

| | |
|---|---|
| 1. Запишување на година по втор пат | 2.000,00 ден. |
| 2. Запишување на година повеќе од двапати | 2.500,00 |
| 3. Промена на статус од редовен на вонреден и обратно | 2.000,00 |
| 4. Промена на студиска програма во рамките на Технички факултет - Битола | 2.000,00 |
| 5. Префрлање од друг сроден факултет | 2.000,00 |
| 6. Уписнина за префрлање од друг сроден факултет - | со кофинансирање |
| 7. Испишување од Факултет | 1.000,00 |
| 8. Издавање дупликат индекс | 1.500,00 |
| 9. Издавање дупликат исписница | 1.000,00 |
| 10. Повторно запишување на испишан студент | 700,00 |
| 11. Издавање оригинал или дупликат диплома | 3.000,00 ден. |
| 12. Издавање уверение | 600,00 |
| 13. Запишување или заверка на семестар по рокот | 500,00 |
| 14. Запишување на апсолвент по вторпат | 1.000,00 |
| 15. Промена на презиме во документ | 100,00 |
| 16. Уписнина за продолжување на студиите од $VI_1$ на четиригодишни студии и обратно | - во висина на уписнината пред префрлувањето |
| За студенти кои се запишани без уплатница - во државна квота | |
| 17. Пријавување на испит за сите студенти (редовни и вонредни) | - февруарската за испити од зимски семестар и јунска за испити од летен семестар, без уплата, сите останати испитни сесии 200,00 ден.по испит независно од тоа по кој пат се полага испитот |
| 18. Студентски правобранител | 50,00 |
| 19. Сојуз на студенти на Универзитетот - Битола на жиро сметка на Сојузот на студенти при Универзитетот | 150,00 |
| 20. Сојуз на студенти при Технички факултет - Битола на жиро сметка на Сојузот на студенти при Технички факултет | 100,00. |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Со влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи одлуката на Деканатската управа бр. 02-478/7 од 15.09.2008 г.

Бр.02-_______
01.09.2009
Б и т о л а

Деканатска управа
Декан
Ред.проф.д-р Весна Микаровска